# Изјава за измени на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности

*Потребен е закон кој вистински ќе го поттикнува донирањето*
***Процесот на измени мора да продолжи!***

Ние, претставниците на граѓанскиот сектор и други организации и институции (во својство на приматели на донации и спонзорства) и на бизнис заедницата (во својство на даватели на донации и спонзорства) ги делиме ставовите за потребата од измени на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности. Овој Закон влијае на развојот на нашата култура, образование, социјална заштита, животна средина, здравство, спорт и други области од јавен интерес во коишто освен државата вложуваат претпријатијата и граѓаните. Но, **Законот не им служи во целост на оние за кои е донесен и не ја исполнува соодветно својата функција.**

Нејасните дефиниции и големиот број обврски ја отежнуваат работата на иституциите и создаваат трошоци. Малите и средни претпријатија, како и граѓаните речиси воопшто не го користат Законот поради комплицираната процедура за користење на даночните поттикнувања. Даночните бенефиции, особено кај персоналниот данок на доход во пракса не функционираат.

Системот на даночни поттикнувања мора да се промени. Со тоа, новото законско решение треба да доведе до зголемување на нивоата на донации и спонзорства мотивирајќи ги давателите, наместо да се повлекуваат од користењето на Законот. Золеменото давање, ќе значи поддршка на бројни јавно корисни активности. Дополнително, градењето доверба во концептот на донирање би ја зголемил можноста непрофитните субјекти коишто делуваат и преземаат активности во интерес на заедницата, да се потпрат на локалните ресурси наместо на странските донатори коишто се повлекуваат.

Го поздравуваме досега спроведениот демократски партиципативен процес на изменување на Законот. Во изминатите 4 години, активно учествувавме во надзорната расправа за имплементацијата на Законот, во јавни дебати, форуми и истражувања. Нашите ставови беа пренесени на меѓусекторска работна група за подготовка на измените на Законот формирана од надлежното Министерството за правда. Во периодот февруари – мај 2012 година, работната група одржуваше редовни средби на коишто се подготви прва работна верзија на измените на Законот. Од тогаш работната група не се састанала и **процесот на измени стагнира**. Отсуствуваат информации за причините поради коишто процесот е во застој. Загрижени од ваквата состојба во која донаторите не ги користат придобивките предвидени со Законот, поради недореченостите и нејасно пропишаните процедури укажуваме на следново:

- Да се реактивира процесот на менување на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности во континуирани консултации со засегнатите страни вклучително и учеството на граѓанските организации во меѓусекторска работна група за подготовка на измените на Законот, со цел новото законско решение да содејствува со потребите на неговите корисници;
- Измените на Законот да се во согласност со донесените заклучоци  на Комисијата за култура на Собранието на РМ по одржаната надзорна расправа за следење на имплементацијата на Законот во 2010 година, потоа со „*Анализа на спроведувањето на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности 2007-2011*“ чиешто Резиме е приложено, како и со позитивните практики и политики на ЕУ членките во врска со процедурите за реализирањето и контролата на даночните олеснувања;

Подготвени сме за соработка со заложба да продолжиме да бидеме конструктивен партнер во процесот на измени на Законот. Во оваа насока им стоиме на располагање на институциите и меѓусекторската работна група за дополнителни консултации.

Скопје, јули 2013

Во прилог:

- Список на потписници
- Резиме на Анализата на спроведувањето на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности 2007-2011
- Заклучоци  на Комисијата за култура на Собранието на РМ по одржаната надзорна расправа за следење на имплементацијата на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности

Доставено до:

- Собрание на РМ
- Министерство за правда
- Министерство за финансии

Копија до:

- Заменик на Претседателот на Владата задолжен за економски прашања
- Секретаријат за европски прашања
- Министерство за економија
- Министерство за култура
- Управа за јавни приходи